# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

**ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО - МАКЕДОНИЈА**

# РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИТЕ РЕАЛИЗИРАНИ ДО КРАЈОТ НА 2013 ГОДИНА

Сите програми на *Фондацијата Отворено општество - Македонија* (*ФООМ*) во 2013 година дадоа придонес во постигнувањето на целите од трите стратегиски приоритети: ***забрзување на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ; поттикнување на граѓанското учество и активизам; и интеграција на Ромите, младите и социјално маргинализираните групи.***

*ФООМ* го оствари предвидениот напредок во однос на стратегискиот приоритет ***забрзување на пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.*** Резултатите од спроведените активности укажуваат на тоа дека пристапот и алатките на *ФООМ* беа ефикасни и во голема мера потребни, иако напредокот на земјата во пристапувањето кон *ЕУ* беше попречен од недостатокот на политичка волја од страна на Владата. Придонесот на *ФООМ* во процесот на пристапување кон *ЕУ* се состоеше во најголем дел од активности за мониторинг, застапување и јакнење на капацитетите на граѓанското општество со цел спроведување на реформите согласно европската агенда.

Четирите *Извештаи од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ*[1] подготвени во соработка со *Македонскиот центар за европско образование (МЦЕО)* и во рамки на *Проектот на УСАИД за граѓанско општество*, внимателно го следеа напредокот постигнат под покровителство на *Пристапниот дијалог на високо ниво* со *Европската комисија* (*ЕК*) како и транспарентото трошење на ИПА фондовите и фондовите на Програмите на Унијата. Податоците беа прибирани не само преку анализа на стратешките документи и деск истражување, туку и со спроведување на анкети и интервјуа. Анализата за напредокот во *Пристапниот дијалог на високо ниво* е базирана на приоритетите утврдени од страна на *ЕК* и за кои се очекува да бидат исполнети од Владата со цел да се покаже напредокот на Македонија во исполнувањето на европската агенда. Генералниот заклучок е дека постојат многу области кои се карактеризираат со бавен или без никаков напредок, како на пример реформите во изборниот законик, слободата на изразување, владеењето на правото, реформите на јавната администрација и функционалната пазарна економија, што во голема мера укажува на лоши резултати од *Пристапниот дијалог на високо ниво*. Анализата за користењето на *ЕУ* фондовите покажува дека постои евидентен недостаток на капацитет за апсорпција, како и индикации за злоупотреба на средствата од програмата *Млади во акција* за што беа известени и *ЕК* и *Европскиот парламент* (*ЕП*) во Брисел. Активностите спроведени во соработка со *МЦЕО* за поддршка на преговорачките тимови во сенка резултираше со развивање на матрици кои ги анализираат состојбите во областите на три поглавја од преговорите, и тоа: судството и основните права, социјалната политика и вработувањето и конкуренцијата. Матриците послужија како основа за објавување на девет брифови за јавни политики[2] кои се осврнаа на недостатоците и обезбедија препораки и решенија во секоја од релевантните области. Дел од брифовите за јавните политики беа и тема на три дебати поврзани со политиките во областите на основните права, демократијата и конкуренцијата со

[1] 1. Декемвриска бајка; 2. Заборавената агенда 2014; 3. Млади во акција; 4. Вин-вин политика

[2] 1. Дали Унијата има моќ да ги одбрани темелните вредности: случајот на Унгарија; 2. Дали Унијата има моќ да ги одбрани темелните вредности: случајот на Австрија; 3. Дали Република Македонија го следи чекорот на усогласување на националното законодавство со меѓународните конвенции кои ја регулираат обврската за издржување со странски елемент?; 4. Проблеми во остварувањето на правото на видување на детето со родителот со кој не живее; 5. Приватно спроведување на политика за заштита на конкуренција во Европската унија и во Република Македонија: Како потрошувачите и компаниите да добијат надомест на штета од нарушување и прекршување на конкуренција?; 6. Република Хрватска - Искуства од преговарачкиот процес во Поглавјето 8 (Политика за заштита на конкуренцијата); 7. Политиката на конкуренција и нејзината имплементација во Република Македонија; 8. Има ли Република Македонија политика за заштита на конкуренцијата?; 9. Колку пари, толку музика: Финансиски и кадровски капацитети на Комисијата за заштита на конкуренција

претставници од медиумите, владините институции и невладиниот сектор. *Извештаите од следењето на процесот на пристапување на Македонија во ЕУ и* брифовите за јавните политики беа многу важен извор на информации за пратениците, за граѓанското општество и за медиумите при оценувањето на усогласеноста на владините политики и практики со целите поставени од *ЕК*.

*ФООМ* обезбеди независна експертиза и го поттикна учеството на засегнатите страни во процесот на приближување на националното законодавство со законодавството на *ЕУ*. Беа подготвени две независни анализи на предлог-законодавството кое има влијание врз механизмите за заштита на човековите права и врз функционирањето на граѓанскиот сектор, и тоа: Законот за прекршоци, Законот за административни службеници и Законот за вработени во јавниот сектор. Во текот на 2013 година, продолжи работата на деталните анализи на законски акти во рамки на едицијата *„Примената на законите под лупа“*, кои имаат за цел да ја оценат соодветната имплементација на неколку клучни реформски закони усвоени во насока на хармонизирање на националното законодавство со законодавството на *ЕУ*. Беа објавени следниве анализи: (1) *Шест години подоцна: Распука ли ѕидот од тишина?*; (2) *Правните потреби и патот до правдата во Република Македонија*; и (3) *Пресудите (треба да) се имплементираат*. Дополнително, кон крајот на годината отпочнаа подготовките на уште три анализи за: (1) работењето на регулаторните тела; (2) спроведувањето на реформите во администрацијата, вклучително и функционирањето на новоформираната Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос; и (3) ефективна кривична одбрана.

*ФООМ* во соработка со *Центарот за граѓански комуникации* (*ЦГК*) во рамки на *Проектот на УСАИД за граѓанско општество* спроведе мониторинг на 240 јавни набавки имплементирани од страна на централната власт и општините. Анализите на наодите од мониторингот заедно со препораките беа објавени во четири квартални извештаи за мониторингот на централната власт и во два полугодишни извештаи за наодите од мониторингот на општинските јавни набавки. Извештаите укажуваат на неколку клучни проблеми во системот за јавни набавки кои ги нарушуваат принципите на транспарентност, конкуренција, отчетност и одговорност во трошењето на јавните пари. Неколку позначајни недостатоци откриени кај голем дел од јавните набавки го покренуваат прашањето за тоа дали јавните набавки се спроведуваат само формално, без соодветна примена на основните принципи со кои се регулираат јавните набавки, како што се конкуренцијата меѓу компаниите, еднаков третман и недискриминација, транспарентност, како и ефективно и ефикасно трошење на јавните средства. Анализите ја нагласуваат потребата од воспоставување на контролни механизми кои ќе го спречат злоупотребувањето и непочитувањето на законските одредби во сите фази на јавните набавки. Наодите од мониторингот за јавните набавки беа вградени во анализата на *УСАИД* насловена *„Дијагностика на инклузивниот раст на Македонија“*. Многу од наодите беа цитирани од страна на пратениците за време на парламентарната пленарна седница за измени во Законот за јавни набавки во септември 2013 година, што укажува на слабостите на системот за јавни набавки. Дел од препораките беа вклучени во најновите измени на Законот за јавни набавки усвоен од Собранието во октомври 2013 година. Покрај тоа, компаративната анализа на релевантните практики на земјите од регионот и *ЕУ* покажува дека речиси сите од нив имаат утврдени казнени одредби за повреда на Законот за јавни набавки. Македонија е меѓу малкуте земји во светот чиј Закон за јавни набавки не предвидува санкции за прекршување на законските одредби и покрај бројните случаи на прекршување кои се идентификувани во пракса.

За да се направи сеопфатен мониторинг на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, *ФООМ* во соработка со *Транспарентност Македонија* (*ТМ*) подготвија анализа насловена *„Парите во политиката - годишен извештај за транспарентноста во финансирањето на политичките партии за 2013 година“*. Во анализата се дадени финални согледувања за состојбите и предлози за подобрување на законската рамка која го дефинира финансирањето на политичките партии и изборните кампањи. Укажувањата на *ФООМ* и *ТМ* за потребата од итна промена на праговите за донации на кампањите за правните лица од релативните 5% од приходот на правните лица во последните измени на Изборниот законик се прифатени и се заменети со апсолутна бројка. Со цел да се зголеми отчетноста на властите, *ФООМ* продолжи со користење на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер како алатка за да добие одговори од институциите за потребите при набљудување на јавните политики и реализација на програмските области. Во текот на 2013 година, беа поднесени 250 барања за слободен пристап до информации и поведени 97 случаи пред управните и судските органи за заштита на правото на слободен пристап до информации.

Мониторинг на процесот на децентрализација и перформансите на 12 општини беше спроведен во соработка со *Центарот за развој на локалната демократија (ЦРЛД)* во рамки на *Проектот на УСАИД за граѓанско општество*. Два полугодишни извештаи од областа на фискалната децентрализација и образованието беа подготвени. Извештаите покажаа мал напредок во фискалната децентрализација и испораката на општинските услуги во областа на образованието особено кога се анализира трендот за периодот 2009-2012 година. Клучните наоди за фискалната децентрализација во Република Македонија за периодот 2009-2012 година укажуваат на тоа дека земјата заостанува зад земјите од регионот и Европската унија и доколку таквиот тренд продолжи и понатаму, тогаш ќе биде потребен долг временски период за да се постигнат заложбите за поголема финансиска независност на општините. Тие беа искористени од страна на општинските власти и од граѓаните како веродостоен извор на информации во процесот на креирање јавни политики и застапување за промена.

Заложбите за подобрување на пристапот до правда, со фокус на сиромашните и маргинализираните, резултираше со регистрација и поддршка на шест здруженија за бесплатна правна помош кои обезбедија правни совети и правна помош за 1.288 граѓани. Беше воспоставена соработка со судовите и со адвокатите кои имаат предмети во кои е одобрена бесплатна правна помош. Овластените здруженија набљудуваа 34 судски рочишта за предмети во кои е одобрена бесплатна правна помош. За осум одбиени баратели за бесплатна правна помош *ФООМ* обезбеди судска заштита. На крајот на 2013 година, *ФООМ* обезбеди финансиска поддршка од Европската унија (инструмент ЕИДХР) за наредните 18 месеци за продолжување на напорите за еднаков пристап до правда за граѓаните и зајакнување на капацитетите на домашните здруженија кои работат на полето на човековите права.

Поддршката на *ФООМ* за осум здруженија што се дел од *Мрежата за заштита од дискриминација* (*Мрежата*) резултираше со покренување на шест постапки пред *Комисијата за заштита од дискриминација*. Во текот на 2013 година, *Мрежата* го прошири начинот на дејствување преку испраќање кривични пријави до Јавното обвинителство од кое се бараше утврдување поттикнување дискриминација во седум случаи. Најголем дел од кривичните пријави, поточно четири, се однесуваа на барања за утврдување кривична одговорност за нападите врз ЛГБТИ Центарот. *Мрежата* за прв пат се обрати до основен суд (Гостивар) со цел да побара замешување во постапка во која се бара утврдување дискриминација по основа на политичка припадност. *Мрежата* континуирано ја известува јавноста за релевантни прашања од областа на антидискриминација.

*ФООМ* во соработка со *Хелсиншкиот комитет за човекови права на Република Македонија* во јуни 2013 година достави поднесок кон Универзалниот периодичен преглед. Поднесокот содржеше информации за состојбата со човековите права по однос на 30 од вкупно 42 препораки кои од страна на Советот за човекови права при ООН и беа дадени на Република Македонија во 2009 година. 23 организации се придружија кон поднесокот и дадоа свој придонес кон препораките кои беа доставени до ООН.

*ФООМ* продолжи со поддршката на активностите на *Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ* за мониторинг на буџетите на две превентивни здравствени програми - Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца и Програма за рано откривање на малигни заболувања. Мониторингот на буџетите се однесува на средствата кои се наменети за активностите поврзани со имунизација на децата Роми и средствата наменети за активностите за рак на дојка и рак на матка. Како резултат од мониторингот, беа изготвени две анализи - анализа на статусот на имплементација на активностите поврзани со имунизацијата на децата Роми[3] дополнета со наодите од мониторингот во заедницата[4] и анализа на статусот на имплементација на активностите за рано откривање на рак на дојка и матка[5]. Одделно од споменатите анализи, ромските организации кои го спроведуваа мониторингот во заедницата изготвија скор картички[6] во кои беше претставена проценката на локалните заедници за статусот на имплементација на активностите за имунизација во засегнатите општини. Мониторингот на буџетите не е ограничен само на функционирањето на институциите задолжени за спроведување на програмите, туку е проширен на анализа на здравствениот буџет воопшто, вклучително буџетите на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување[7]. Како резултат на застапувањето, Министерството за здравство го зголеми бројот на едукативни активности во *Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца* (од 6 на 50, односно со овие активности се покриваат 5.000 ромски семејства). Покрај активностите за мониторинг на буџетите и мониторинг во заедницата, продолжија и активностите за зголемување на транспарентноста и отчетноста на јавните, посебно здравствените институции. Дел од активностите се однесуваа на процесот за пристап до информации, а дел на проценката на степенот на транспарентност и отчетност на институциите кои беа спроведени преку т.н. преглед СТАР. Беа подготвени три информативни памфлети за проценката на степенот на транспарентност и отчетност на институциите[8].

Во рамките на истиот период на известување, *ФООМ* ја поддржа и подготовката на заеднички поднесок[9] во кој беа истакнати проблемите и препораките за унапредување на здравјето на

---

[3] http://esem.org.mk/pdf/Sto rabotime/2014/1/Opfat na decata Romi so vakcinacija.pdf и http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Анализа 2.pdf

[4] Мониторингот во заедницата го спроведуваа три ромски организации: *НВО КХАМ Делчево, Центар за демократски развој и иницијативи - ЦДРИМ* и *Здружение на просветни работници и заштита на права на жените и децата - ЛИЛ* во Делчево, с. Црник, Шуто Оризари, Ѓорче Петров, Карпош и Сарај

[5] http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Analiza dojka 1 verzija.pdf и http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Анализа рак на грло на матка 5 верзија.pdf

[6] http://esem.org.mk/pdf/Sto rabotime/2014/1/Скор картичка_ЦДРИМ.pdf; http://esem.org.mk/pdf/Sto rabotime/2014/1/Скор картичка_ЛИЛ.pdf и http://esem.org.mk/pdf/Sto rabotime/2014/1/Скор картичка_КХАМ.pdf

[7] http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/So kolku pari raspolaga zdravstvoto.pdf

[8] http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Najzatvoreni institucii za javnost za 2013.pdf ; http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Najnetransparentna institucija vo RM za 2013.pdf ; http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2014/Proaktivno%20netransparentni%20za%202013.pdf

[9] http://esem.org.mk/en/pdf/Publikacii/Ostanati/2013/Joint%20Submission%20on%20health%20to%20the%20UPR%20-ESE%20and%20other%20CSO%27s,%20Macedonia.pdf

Ромите, лицата кои живееат со ХИВ/СИДА, ЛГБТ лицата, жени, лица со интелектуална попреченост и жртви на трговија со луѓе. Поднесокот го подготви *Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ* во соработка со 10 други граѓански организации. Како резултат на оваа активност, 28 препораки поврзани со здравствени прашања беа вклучени во нацрт извештајот[10] на работната група на *Универзалниот периодичен преглед* за Македонија.

Со финансиската поддршка на 11 онлајн медиуми[11], два дневни весника[12] (на македонски и на албански јазик) и на неделникот „Фокус", *ФООМ* овозможи пристап на граѓаните до независни и алтернативни извори на информации. Во текот на 2013 година, бројот на новинари-практиканти се дополни со пет дописници од различни градови во внатрешноста со што се зголеми продукцијата на онлајн информативните портали за општествено-политички, економски, социјални теми и за други состојби од јавен интерес на граѓаните. Во рамки на проектот *Медиумско огледало*, беа дистрибуирани пет мониторинг извештаи до сите медиуми и до релевантните домашни и странски институции. За еден од нив беше организирана дебата на која се дискутираше за нивото на автоцензура наспроти слободата на изразување во самите медиуми. Во рамки на проектот *Медиумско огледало* беше организирана и промоција на книгата *„Водич на мислителот за логички грешки - уметноста на менталните итроштини и манипулацијата"* од авторите Ричард Пол и Линда Елдер, која има за цел да укаже на начините на пропаганда и манипулација, особено во ситуација кога постојано се ограничува слободата на изразување. *ФООМ* и партнерите, *Фондацијата Метаморфозис* и *Младинскиот образовен форум* (*МОФ*), го имплементираа регионалниот проект *„Млади и медиуми"* во 11 држави[13] во кои се спроведе истражување за односот помеѓу младите и медиумите. Наодите беа презентирани и дискутирани на меѓународната конференција за медиуми и млади која се одржа во Скопје, во почетокот на февруари 2014 година, со учество на претставници на младински организации од Македонија и од странство и со партиципација на партнерите од 11-те земји во кои беше спроведено истражувањето.

Неколку иницијативи за остварување на влијанието врз образовните политики на национално и училишно ниво беа преземени. Соработката со *Меѓународниот центар за образовни политики при Педагошкиот факултет* од Љубљана продолжи со развивање на нови модули за обука за *Поттикнување на партиципативност во училиштата*. Обуката спроведена во четири основни училишта беше проследена со акциско истражување и со спроведување на мали иницијативи во секое од училиштата. Следејќи ги новите трендови во наставната дидактика, беа издадени два прирачници, на македонски и на албански јазик, и тоа *„Креативен пристап во наставата"* и *„Прирачник за социјална правда"*. Прирачниците се широко применувани од наставниците, како и од професорите од педагошките факултети. Со цел да им се обезбеди на студентите пристап до задолжителната литература од областа на родовите студии, беше преведен на македонски јазик третиот том на *„Ренесансата и парадоксите на просветителството"* од едицијата *„Историја на жените на западот"*.

---

[10] A/HRC/WG.6/14/L.8 http://esem.org.mk/pdf/Voved/Monitoring%20na%20chovekovi%20prava/Izveshtai%20vo%20senka/UPR/A_HRC_WG.6_18_L8_Macedonia_MK.pdf

[11] Плусинфо, А1он, Либертас, Порталб, Скај, Мојотград, МКРеволуција, Буревесник, Мактел, Глобусмагазин и онлајн изданието Фокус

[12] „Слободен печат" и „Лајм"

[13] Македонија, Албанија, Грција, Турција, Бугарија, Србија, Косово, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска и Словенија

Во рамките на *Регионалната програма за поддршка на истражувања (РППИ) во Западен Балкан,* која ја управува *Универзитетот Фрибург*, а финансиски ја поддржува *Швајцарската агенција за развој и соработка*, постигнат е напредок во поглед на поддршката за истражувачи за тие да дадат придонес во социјалните, економските и институционалните реформи во регионот. Во рамки на трите регионални обуки за градење капацитети учествуваа 13 истражувачи од Македонија. Дополнителни 11 истражувачи учествуваа на Петтата годишна конференција *„Општествени, политички и економски промени во Западен Балкан“* во Белград. Публикацијата *„Истражувањата во општествените науки во Македонија“* беше промовирана на националната конференција *„Унапредување на политиките во областа на истражувањата во општествените науки во Република Македонија“* во Скопје. Програмата продолжува со работа во периодот 2014-2016 година, а покрај стандардната поддршка за градење капацитети на млади истражувачи, *ФООМ* ќе работи и на проект кој цели кон унапредување на истражувачките политики во земјава.

Неколки иницијативи на домашни граѓански организации, поддржани преку *Програмата Исток-Исток: Прекугранични партнерстава*, исто така придонесоа во постигнувањето на предвидениот напредок. *Младинскиот образовен форум* организираше еднонеделна студиска посета за 13 претставници од младински организации од Грузија со цел размена на позитивни искуства и информации за ефикасни модели за јакнење на капацитетите на младински организации преку младинско и студентско мобилизирање, управување со младински мрежи на локално и национално ниво, поттикнување волонтерство, иницирање на младински активизам и искористување на социјалните медиуми како алатка за влијание. *Факултет за работи што не се учат* беше домаќин на регионална конференција посветена на поттикнувањето дијалог меѓу експертите и пошироката јавност за прашања поврзани со јавниот простор, местото на поединецот во него и личната одговорност на индивидуата во процесот на демократизација на државата и општеството. На конференцијата беа преставени креативни проекти кои јавниот простор го третираат како отворена платформа за граѓанско делување и јавно искажување на политички ставови, како и за промовирање на концептот за социјална правда. 9 претставници од граѓанскиот сектор од Албанија учествуваа на студиската посета организирана од *НВО Конект* посветена на промовирање и развој на политики за унапредување на концептот на општествена одговорност. Колегите од Албанија имаа прилика во директен контакт со своите колеги од Македонија да разменат мислења за позитивни практики при креирање стратешки пристапи во остварувањето на општествената одговорност за поддршка на различни групи во општеството. *Јасминка Фрикшиќ (Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ)* и *Сандра Анастасовска (МОФ)* учествуваа во трилатералната иницијатива меѓу Источен Тимор, Јужен Судан и Македонија фокусирана на размена на искуства за јакнење на улогата на младата популација во процесот на демократизација на државата и општеството, но и за прашањата поврзани со мониторинг на јавните здравствени буџети, учеството на граѓанските организации во креирањето и спроведувањето на јавните здравствени политики и можните пристапи во унапредувањето на правото на здравје на жените и маргинализираните заедници.

Во рамки на стратешкиот приоритет за ***поттикнување на граѓанското учество и активизам*** *ФООМ* постигна напредок во мобилизирањето на граѓаните и граѓанските организации во активностите за јавно застапување, фокусирајќи се на прашања значајни за македонската демократија. *ГЕМ Клуб или Клуб на Граѓани за европска Македонија* во Скопје, им овозможи

на 84 граѓански организации, неформални групи, издавачки куќи и тинк-тенк организации да одржат 205 јавни настани со вкупно 4.582 учесници за прашања поврзани со човековите права, младите, сиромаштијата, маргинализираните групи, родовата еднаквост, идентитетот и историјата, регионалната соработка, граѓанскиот активизам, изборите, медиумските слободи, образованието, здравството, транспаретноста на институциите, пристапувањето во *ЕУ* итн. Финансиска поддршка беше обезбедена за четири иницијативи за родова еднаквост, откривање и реакција на пропагандата, создавање на живи библиотеки на граѓанската непослушност и за одржување на веб порталот www.okno.mk кој содржи критички текстови за урбаната политика и култура. На почетокот на 2013 година беше објавена книгата *„Црн понеделник“* која содржи авторски текстови, објави во медиуми, фотографии и снимки кои сведочат за настаните поврзани со донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2013 година и насилното протерување на новинарите и опозицијата од Собранието на Република Македонија. Беше организирана промоција на книгата со дебата на која учествуваа повеќе од стотина правници, професори, новинари и граѓански активисти.

*Проектот на УСАИД за граѓанско општество*, кој го спроведува *ФООМ* во партнерство со *Младинскиот образовен форум, Форум - Центар за стратегиски истражувања и документација, Центар за граѓански комуникации* и *Реактор - Истражување во акција*, овозможи да се доделат 43 грантови на граѓански организации и неформални групи кои делуваат како демократски јадра во своите заедници или спроведуваат мониторинг на јавните институции и застапување засновано на истражувања. Поддржаните проекти се однесуваат на низа прашања кои се значајни за демократските процеси, како што се независноста на судството, слободата на изразување, *ЕУ* интеграцијата, корупцијата, јавните набавки, родовата еднаквост, човековите права, младинските прашања, сиромаштијата, етничките малцинства, дискриминацијата, волонтерството, животната средина, земјоделството, урбаното планирање и заштитата на животните. Во декември 2013 година беа доделени уште 21 грант за зголемување на соработката и вмрежувањето на граѓанските организации и работни стипендии за ангажирање на истражувачки проекти кои ќе се спроведуваат во текот на 2014 година. Со активностите за градење капацитети за надгледување и застапување, 400 претставници од граѓански организации и иницијативи ги унапредија своите знаења за мониторинг на јавните набавки, спроведување на децентрализацијата и процесот на интегрирање во *ЕУ*, пишување ефективни документи за јавни политики, застапување. *Школата за активно граѓанство* опфати 54 учесници, додека 257 млади од 12 града беа обучени за користење на новите медиуми и алатките за интернет активизам. На три граѓански форума и пет дебати, чија цел беше размена на искуства и дискусија за граѓанското учество, волонтерството, гласањето на изборите, улогата на граѓанскиот сектор во демократските процеси, како и за состојбите, можностите и предизвиците за делување на граѓанскиот сектор во Македонија, учествуваа вкупно 878 претставници на граѓанските организации и неформалните иницијативи.

*ФООМ* финансиски поддржа десет иницијативи на граѓански организации и поединци, кои со своите активности го поттикнуваат и го развиваат интеркултурното разбирање и соработката. Во текот на 2013 година се работеше на превод и подготовка за печат на осум книги од странски автори поврзани со македонската историја и со демократијата, а две од нив излегоа од печат: *„Од диктатура до демократија“* од Џин Шарп и *„Македонското прашање од 1944 до денес“* од Чавдар Маринов. Музичарите од Шутка кои прават спој на хип-хоп и

традиционална ромска музика, веќе познати и како „Шутка Рома Рап“, одржаа концерти во Македонија, Словенија, Хрватска, Словачка и Унгарија и го промовираа вториот албум насловен *„Јас сум андерграунд“ („Me sijum underground“)*. Во октомври, албумот се најде на осмото место на една од најпрестижните европски топ-листи, *World Music Charts Europe*.

Програмата *Форуми во заедницата*, финансирана од *Швајцарската агенција за развој и соработка*, која се спроведуваше во 9 општини, резултираше со имплементација на 14 проекти кои беа идентификувани и развиени со активно учество на граѓаните во овие заедници. Сите проекти беа кофинансирани од страна на општините. Форумите во заедницата се покажаа како добра пракса за широка консултација и граѓанско вклучување во процесите на креирање политики и носење одлуки на локално ниво. Поради тоа сите општини кои беа вклучени во програмата го вкличија форумот на заедницата во своите статути како формален инструмент во процесите на носење одлуки со учество на граѓаните. Последниот Меморандум за разбирање потпишан помеѓу *ФООМ* и *Швајцарската агенција за развој* предвидува продолжување на соработката до јуни 2014 година.

*ФООМ* постигна значителен напредок во постигнувањето на целите зацртани во рамките на стратегискиот приоритет ***интеграција на Ромите, младите и социјално маргинализираните групи.*** *Проектот за образование на Роми* (*ПОР*), поддржан од *УСАИД*, *Детската фондација Песталоци* и *Ромскиот образовен фонд*, и во деветтата година од својата имплементација обезбеди широка образовна поддршка за подобрување на стапката на задржување и проодност, како и успехот на опфатените деца и млади луѓе. На вкупно 191 дете од предучилишна возраст му беше овозможена образовна помош која е фокусирана на основите од математика и од македонски јазик, како и на развивање на социјалните и на когнитивните вештини. За вкупно 863 ученици Роми и 173 ученици не-Роми беше обезбедена директна вонучилишна поддршка, која вклучуваше секојдневна помош во пишувањето на домашните задачи, туторство, креативни и други работилници, од страна на Ромските образовни центри во Прилеп, Куманово и Скопје. Стипендистите на *ПОР* покажаа многу подобри резултати за разлика од учениците Роми кои не учествуваа во овој проект.

Мали интеркултурни иницијативи беа спроведени од страна на седум проектни основни училишта што придонесе за збогатување на воншколските активности и подобрување на училишната атмосфера и интеракцијата помеѓу сите ученици. Над 2.100 ученици Роми и не-Роми (Македонци, Турци, Срби, Бошњаци итн.), над 300 родители и 200 наставници учествуваа во проектните активности. Над 100 наставници од седумте проектни училишта беа дел од обуките за интерактивни воспитни методи и за правата на децата. За проектните училишта беше обезбеден дидактички материјал и училишен прибор потребен за учење и предавање со цел на наставниците да им се овозможи примената на знаењето здобиено на обуките.

Истражувањето *„Образованието на ученици со ниски постигнувања“* беше спорведено во соработка со *Меѓународниот центар за образовни политики при Педагошкиот факултет* од Љубљана. Наодите и препораките беа презентирани на четири тркалезни маси одржани низ целата земја.

Проектот на *ФООМ*, *Ромаверзитас*, продолжи со унапредување на личните капацитети и перспективите за кариера на студентите Роми преку обезбедување на дополнителна академска поддршка (туторство, обуки итн.). Во академската 2012/13 година, 76 студенти Роми

од различни студиски програми беа корисници на РМУСП[14] стипендијата, додека пак истата им беше доделена на 105 студенти за академската 2013/14 година. Покрај тоа, на 72 студенти им беше доделена РХСП стипендија[15] во академската 2012/13, а на 56 студенти во академската 2013/14 година.

Завршниот извештај од  надворешната евалуација на *ПОР* беше спроведен во периодот април-јуни 2013 година, во кој се вели: *„Клучниот заклучок на  овој Извештај од евалуацијата е дека Проектот за образование на Роми е непроценливо искуство преку кое се постигнати извонредни резултати и дека има одличен потенцијал за продолжување и за реплицирање. Проектот ги постигнал поставените цели, проектните активности биле поддржани со солиден буџет и бил применет соодветен приод во работата а проектните активности опфатиле цели генерации.“* [16]

Програмата *„Младите за отвореното општество*“ спроведена од страна на стратешкиот партнер на *ФООМ*, *Младинскиот образовен форум (МОФ),* привлече импресивен број на млади луѓе од целата земја. 22 Дебатни клуба и 19 клубови „Учиме право“ предводени од 40 тренери-волонтери, собраа над 600 средношколци на предавањата за дебатирање, агрументирање, владеење на правото, граѓанските и политичките права и разни други настани што се одржуваа еднаш неделно. Младите дебатери учествуваа на 2 национални и 10 регионални дебатни натпревари. Македонските дебатери влегоа во најдобрите 16 тимови во светот, а го освоија и второто место за најдобар дебатер. Беа организирани десетици дебати, меѓу кои и дебатата *„Аргумент: Организирано изразување*“ што претставува мега настан кој на едно место собра голем број на јавни личности и публика од околу 400 луѓе кои во живо ја проследија дебатата за изборите. Најактивните членови имаа можност да посетат и напредни обуки, како на пример *„Учиме право: Обука за ЕУ*“ (70 учесници) и *„МОФ Академија*“ (80 учесници). Околу 100 членови на Медиа/Арт клубовите од 5 града учествуваа во работилници за интернет активизам, уличен активизам и алтернативни форми на јавно изразување. Во рамките на својата програма, онлајн *Радиото МОФ* беше домаќин на 20 емисии на кои како водители се јавија граѓански организации, млади активисти и музичари (вклучувајќи го и првото ЛГБТ шоу во земјата), продуцираше над 1.000 индивидуални емисии и изготви 3.000 статии. Радиото беше ментор на 15 млади новинари и обезбеди видео пренос на 15 различни настани од граѓанското општество. По воведувањето на реформата за екстерно оценување што ги засег(н)а сите ученици од основно и средно образование во земјата, *МОФ* спроведе анализа и им помогна на учениците во поднесување на жалби во врска со недостатоците на процесот. *МОФ* спроведе петиција, која ја поддржаа  25.378 граѓани, за прогласување на екстерното оценување во 2013 година за пилот и подготви анализа за неговото спроведување. *МОФ* работеше со ученици од четири средни училишта на јакнење на капацитетите за плуралистичко студентско организирање и изготвување на студентска програма за академската година која беше доставена до училиштата со цел постепена промена на нарушениот систем на студенско организирање. Беа спроведени две истражувања на национално ниво, и тоа: „Насилството во училиштата“ и „Мониторинг на Националната стратегија за млади и програмата за развој на образованието“.

Со цел да ја поддржи правната заштита на здравствените права на социјално маргинализираните заедници (ЛГБТИ популација, сексуални работници, корисници на дрога,

---

[14] Програма за стипендирање на студенти Роми на Фондациите отворено општество финансирана преку Ромскиот образовен фонд
[15] Програма за медицински стипендии за Роми на Фондациите отворено општество финансирана преку Ромскиот образовен фонд и Програмата за јавно здравство на Фондациите Отворено општество
[16] Раду Флореа и други, 2013, Проект за образование на Роми, Извештај од евалуацијата на учинокот, стр. 11

лица што живеат со ХИВ и Роми), *ФООМ* продолжи со поддршката за правно застапување на претставници од социјално маргинализираните групи (сексуални работници, корисници на дроги, трансродни лица и лица кои живеат со ХИВ). Беа превземени активности за стратешко застапување во 17 судски постапки, од кои 5 случаи (два случаи на бесправно земање ДНК примерок од страна на полицијата; два случаи за законско признавање на променетиот пол; и еден случај на бесправно откривање на медицински податоци од метадонска програма) беа поднесени пред *Европскиот суд за човекови права.* Дополнително, застапувањето за соодветен третман со Антиретро вирусна терапија за лицата кои живеат со ХИВ, водено од *Организацијата на луѓе кои живеат со ХИВ „Заедно посилни“*, резултираше со покачување на буџетот за Антиретро вирусна терапија и тестовите за следење за 87,5% за 2013 година (од 52.000 евра на 97.500 евра), и зголемување на буџетот на Програмата за ХИВ за 2,75 пати (175%) за 2014 година (од 130.081 евра на 357.723 евра). Пресметките за реално финансирање за Антиретро вирусна терапија направени од „*Заедно посилни“* беа клучен аргумент за да се случат промените.

Беше поддржано спроведување на истражување за здравствениот статус, уживањето на правото на здравје и пристапот до здравствени услуги за Ромите споредено со другите етнички групи во Македонија. Истражувањето се состоеше од два дела, и тоа: анкетирање на домаќинствата, спроведено помеѓу примерок на Роми и примерок од другите етнички групи кои живеат во близина на ромските населби и истражување на релевантните документи од политиките на национално и меѓународно ниво. Резултатите од истражувањето покажаа дека состојбата во однос на здравствениот статус и пристапот до здравствените услуги е понеповолна помеѓу ромската популација во споредба со другите етнички групи. Ромите се повеќе засегнати од негативното влијание на социјалните детерминанти отколку другите етнички групи. Исто така, Ромите се соочуваат и со поголем степен на дискриминација и несоодветен третман во здравствените институции. Имајќи го предвид недостатокот на здравствени и други релевантни податоци за ромската заедница, податоците од истражувањето можат да бидат солидна основа за развивање на идните политики и активности насочени кон унапредување на здравствениот статус на Ромите.

*ФООМ* ја продолжи поддршката за параправната помош која ја спроведуваат здруженијата: *НВО КХАМ Делчево, Центарот за демократски развој и иницијативи - ЦДРИМ и Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи Ромски Ресурсен Центар*. Во 2013 година обезбедија параправна помош и поддршка на 1.162 Роми во три ромски заедници. Со цел да се зајакнат капацитетите на параправниците, им беше овозможена континуирана техничка поддршка во форма на континуирани обуки за унапредување на системот за водење на случаите и функционирање на параправната програма. Истовремено, продолжи поддршката за обезбедување на правна помош и судско застапување на случаи на прекршување на здравствените права на Ромите при што три судски постапки беа завршени со позитивен исход, а беше обезбедена и правна помош за остварување на здравствените и социјалните права за 1.653 лица. Моделот на *Ромски здравствени медијатори*, развиен со поддршка од *ФООМ*, продолжи да се имплементира од страна на Министерството за здравство, при што претставник на Фондацијата е член на групата за следење на имплементацијата на програмата за здравствени медијатори.

Градењето на капацитетите на ромските граѓански организации за тие да ги унапредуваат здравствените права на Ромите во 2013 година беше надополнето со обуки за стратешко користење на медиумите во застапувањето спроведени од *Младинскиот образовен форум*.

Со цел да се постигне сеопфатно застапување кое ќе ја одразува целокупната поддршка во областа на унапредување на здравјето на Ромите, *ФООМ* иницираше формирање на *Група за застапување на здравствените права на Ромите*[17] *(Групата).* Процесот на развивање на *Националната стратегија за интеграција на Ромите,* воден од Министерството за труд и социјална политика, беше искористен како можност *Групата* да поднесе заеднички предлог со препораки и мерки во делот за здравство, и тоа во пет подрачја важни за унапредување на здравјето на Ромите: (1) заштита на здравствените права; (2) имунизација на децата Роми; (3) информации и здравствена едукација; (4) пристап до гинеколошки и услуги за антенатална заштита; и (5) вработување на Роми како здравствени професионалци во јавните здравствени институции.

*Проектот за легализација на домувањето на Ромите* ја искористи ретката и временски ограничена законска можност да им помогне на сиромашните ромски домаќинства да добијат законска сопственост врз своите домови, а со тоа да бидат посигурни во закрепнувањето од последиците на економската криза. Проектот обезбеди мониторинг, правна помош и застапување за олеснување на процесот на легализација. Воспоставениот *Фонд за легализација на домовите на Ромите* обезбеди микрозаеми без камата за покривање на трошоците поврзани со законските и со административни постапки за легализација. Овој проект е предвиден да се спроведува во период од три години, до почетокот на 2015 година, а дотогаш се очекува повеќе од 1.300 ромски семејства да добијат помош за стекнување сопственост врз нивните домови. Во 2013 година, воспоставената база на податоци вклучуваше над 1.500 предмети за легализација и беа обезбедени околу 350 правни совети и околу 700 заеми.

**Вкупниот износ на средствата потрошени за спроведувањето на активностите на ФООМ во 2013 година изнесува 319.784.116 денари, од кои 210.583.675 денари потекнуваат од Фондациите отворено општество а 109.200.441 денари од други донатори.**

[17] Здруженија - членки во Групата за застапување на здравствени права на Ромите се: Ромска организација за мултикултурна афирмација С.О.С. - Прилеп, Фондација Отворено општество - Македонија, Здружение на просветни работници за заштита на правата на жените и децата ЛИЛ - Скопје, НВО КХАМ - Делчево, Здружение за развој на ромската заедница СУМНАЛ - Скопје, Здружение САСТИПЕ - Гостивар, Здружение Национален Ромски Центар - Куманово, Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување - Скопје и Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ Скопје

## ПАРТНЕРИ И ДОНАТОРИ

**Партнерски организации:** Младински образовен форум, КХАМ, Врама си, Дендо вас, ИДЕА Југоисточна Европа, Фондација за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, Помош за сиромашните и хендикепираните, Македонски центар за европско образование, Центар за граѓански комуникации, Центар за развој на локалната демократија, Македонско здружение на млади правници, Транспарентност Македонија, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Едукативно хуманитарно здружение ЕХО - Штип, Избор - Струмица, Младински културен центар - Битола, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, Х.Е.Р.А. - Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Организација на луѓе кои живеат со ХИВ „Заедно посилни“, Коалиција „Сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници”, РОМА С.О.С. - Ромска организација за мултикултурна афирмација, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Република Македонија - ЕСЕ, НВО КХАМ Делчево, Републички центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА, Центар за развој на медиуми, НВО Инфоцентар, Реактор - Истражување во акција, Форум - Центар за стратешки истражувања и документација, Фондација Метаморфозис, МИА - Здружение за здравствено просветување и унапредување на здравјето, Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи РОМСКИ РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Скопје, Центар за демократски развој и иницијативи - ЦДРИМ, Здружение на просветни работници и заштита на права на жените и децата - ЛИЛ, Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР, Универзитетот Фрибург, СФЕРА НОВА - Институт за динамичен развој, ЕКО Свест - Центар за истражување и информирање за животната средина, Хабитат Македонија, Здружение Национален ромски центар

**Донатори:** УСАИД, Детска фондација Песталоци, Ромски образовен фонд, Швајцарска агенција за развој и соработка